ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ 10/2001
Загреб, 15.10.2001 г.

# З А П И С Н И К

од 9-тата седница на Управниот одбор на Заедницата на Македонците која се одржа на ден 06.10.2001.г. со почеток во 11,30 часот во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватаска, Масарикова 16/1.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Јован Карпузовски и Ленче Маганјиќ ( по полномоштво на г-ѓа Весна Илиева).
Гости: Владимир Крстевски - советник во Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска и Горан Стојковски - член на комисијата за промена на Статутот и член на комисијата за идејно решение за доделување на признанија.

Со седницата председаваше Председателот на Заедницата - Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки се предложи и прифати следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од 8-та седница,
2. Резултати за досегашната работа на Заедницата - извештај на председателот
3. Договор за годишното собрание на Заедницата
4. Разно.

**Ад.1** Председателот - Илија Христодулов го прочита записникот од 8-та седница и после тоа се поведе широка дискусија во врска со одлуката за разрешување на г-динот Никола Илиевски од функцијата секретар на Заедницата донесена на претходната седница. Тој ја истакна причината за таквата одлука која ќе биде дополнително доставена. После тоа УО одлучи да остане донесената одлука и да на г-динот Н. Илиевски УО му ја испрати истата со образложение додека за неговото членство во УО одлучува собранието.

**Ад. 2** Председателот - Илија Христодулов помеѓу другото нагласи дека Заедницата се наоѓа на добар пат и дека многу проблеми со кои се соочуваше предходното раководство се наднинати.
Посебно се допринесе за афирмацијата на Р. Македонија со најголемата манифестација одржана оваа година - IV ДЕНОВИ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ во Загреб и Ѓаково.
Г-дин Иван Качуров нагласи дека во врска со таа манифестација се постапи

дипломатски како бевме и советувани од телата што ги консултиравме имајќи ги притоа во обзир дотогашните реагирања и постапувања од бугарската страна.
Г-динот Благоја Јовановски истакна дека некои медиуми за таа манифестација не известиле баш поволно. Во врска со тоа председателот - И Христодулув нагласи дека тоа е така со локалните медиуми но од наша страна беше поднесено реагирање до ХРТ за прилогот објавен во Призма.

**Ад. 3** Во дискусијата по оваа точка се вклучија сите членови на УО и г-динот Г. Стојковски и после тоа се донесоа следните заклучоци:

- Годишното собрание и прославата на 10 - годишнината на Заедницата да се одржат на 08.12.2001 г. према договорот од претходните седници, а бидејки во тоа време се и деновите на Кочо Рацин да се одбележи и тој ден ( Самобор ).
- За собранието да се осигурат дневници и патни трошкови - за секое друштво по 5 ( пет ) делегати.
- Секое друштво да достави до Заедницата попис на своите членови ( по 5 члена ) за доделување на признанија и тоа до 15.11.2001 г.
- Да се направат признанија према пимерокот кој го припреми г-динот Горан Стојковски.

**Ад. 4** Г-динот В. Крстевски ги извести присутните за ситуацијата во Р. Македонија која е сериозна и ја нагласи потребата од организирање на хуманитарна помош која би требала да се насочи кон македонските бегалци.
Присутните заседоа став да во име на Заедницата се испрати до Собранието на Р. Македонија наше мислење - барање да не се менува преамбулата од Уставот.
Г-динот Г. Стојковски ги извести присутните во врска со промената на Статутот.
Присутните се сложија да припремениот Статут г-динот Г. Стојковски го достави во Заедницата во понеделник, а потоа истиот да се испрати на секое друштво.
Г-динот Б. Јовановски побара сите друштва прилозите за Македоски глас да ги испраќаат на време. Понатаму тој побара да му се достават средствата наменети за штампање на наговата книга бидејќи е веќе припремена. Присутните се сложија да се даде приоритет во доделувањето на средствата за таа намена.
Понатаму, г-ѓата Ленче Магањиќ предложи да се исплатат трошоците за сликата што ја направи за Бискупот Ѓаковачко-сријемски мсгр. Марин Сракиќ и предложи да направи портрет на председателот на Р. Хрватска - С. Месиќ што би можело да биде поклон од Заедницата во дадена пригода.
После тоа членовите на УО се сложија да се подмират споменатите трошкови, а го прифатија и предлогот за портретот.
Председателот - И. Христодулов побара да се одреди представник од Заедницата во Стручниот совет во Уредот за национални малцинства и го предложи г-динот Борислав Павловски, а членовите на УО тој предлог го прифатија.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничарка :

Анка [illegible]

Председател:

Илија Христодулов, дипл.инж.

ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 2340009-1100038804, http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј: ЗМ -5/2002
Загреб, 21.01.2002.

ДОПУНА

на записникот од 9-тата седница на УО на Заеднуцата одржана на ден 06.10.2001.

УО на Заедницата на својата 10-та седница одржана на ден 14.01.2002. под точка 1. го прифати дополнувањето на истата со издвоеното мислење на г-динот Б. Јовановски и истата е составен дел на записникот од 9-тата седница Урброј, одн. Наш број: ЗМ 10 /2001 од 15. 10.2001.

Допуната гласи:
Б. Јовановски: **со изнесениот предлог за смена на Никола Илиевски од функцијата - секретар на Заедницата се сложувам на основа на сослушување на другата страна.**

Претседател:
Илија Христодулов